Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

**Архивски број: УП I бр. 25-210**
**Скопје, 03.2019 година**

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од Друштвото за испитување и анализа А-ТЕСТ ДОО Скопје УП I бр.25-210 од 04.03.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Се овластува Друштвото за испитување и анализа А-ТЕСТ ДОО Скопје, за вршење на работи на техничка служба, на инспекциско место на Бул. Србија бр.25 во Скопје за вршење на следните работи:

- **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, R и C** согласно член 57 став 1 алинеја 3 од Законот за возила, член 2 став 1, став 3 алинеја 1, 3 и 4 (секторски за преправени возила, согласно табела 5, точка 2 од Прилогот на сертификатот за акредитација) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија"бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10);

-**Одобрување на преправено возило од категориите M и N**, согласно член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/10)

- **Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор)** согласно член 57 став 1 алинеја 5 од Законот за возила и член 15 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.109/16)

### Образложение

Друштвото за испитување и анализа А-ТЕСТ ДОО Скопје до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-210 од 04.03.2019 година со кое бара овластување за техничка служба.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-306/3 од 01.03.2019 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр. ИТ-113 од 25.02.2019 година

со важност до 24.02.2023 година и неговиот Прилог издаден на 25.02.2019 година од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, извршениот увид во доставената документација и согласно одредбите од наведената законска регулатива се утврди дека Друштвото за испитување и анализа А-ТЕСТ ДОО Скопје ги исполнува условите за овластување за техничка служба на инспекциското место на Бул. Србија бр.25 во Скопје за вршење на следните работи: **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, R и C** согласно член 2 став 1 и став 3 **алинеја** 1, 3 и 4 (согласно табела 5, точка 2 од Прилогот на сертификатот за акредитација) од Правилникот за единечно одобрување на возила, **одобрување на преправено возило од категориите M, N** согласно член 7 (секторски по точка 1, 4 и 13 ) од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и **Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациони ознакина возила (број на шасија и број на мотор)** согласно член 15 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за техничка служба, издаден од Органот за одобрување – Биро за метрологија со бр. 1609-306/3 од 01.03.2019 година;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр. ИТ-113 од 25.02.2019 година со важност до 24.02.2023 година и неговиот Прилог издаден на 25.02.2019 година од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;

- Известување за вработените од А-ТЕСТ ДОО Скопје кои учествуваа во надзорното оценување за проширување на опсегот на регистрација бр.08-118/7 од 28.02.2019 година издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;

- Доказ за тековната состојба на правното лице издаден од Централниот регистар на Република Македонија - трговски регистар и регистарот на други правни лица, со деловоден бр.0805-50/155020190007084 од 27.02.2019 година;

-Договор за користење на деловен простор и техничка опрема, склучен на ден 07.02.2019 година, за временски период од пет години, помеѓу Друштвото за испитување и анализа А-ТЕСТ ДОО Скопје и Д.Т.У. КОРАБ АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје број УЗП 1456/2019 на 28.02.2019 год.,

- Список на опрема наведена во Спецификација на опрема бр. 54/0101/01 од 07.02.2019 година, согласно Прилогот на договорот за за користење на деловен простор и техничка опрема помеѓу Друштвото за испитување и анализа А-ТЕСТ ДОО Скопје и Д.Т.У. КОРАБ АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со број УЗП 1455/2019 на 28.02.2019 год.,;

- Доказ за позитивен бонитет-Изјава на Управителот Зоран Василевски А-ТЕСТ ДОО Скопје бр.03-9 од 25.02.2019 година;

Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

- Доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност од дејност со ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ, полиса бр. 13023000014067/0 со важност до 07.02.2020 година;

- Доказ за вработени (копии од обрасците М1/М2) и доказ за стручно образование за инспекциското место на Бул. Србија бр.25 - Скопје и тоа за:

1. Зоран Василевски, дипл.маш.инж. насока – механизациони машини и возила;
2. Војче Ѓозиноски, дипл.маш.инж. насока –индустриско инжинерство;
3. Ѓорѓи Кацарски, дипл.маш.инж. насока – моторни возила;
4. Николче Нинески, дипл.сообраќаен инж. насока – патен сообраќај и транспорт;
5. Томе Божиновски, дипл.маш.инж. насока – индустриско инженерство;
6. Иван Глигоров, дипл.маш.инж. насока – моторни возила и
7. Оливер Петровски, авто електричар.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото. утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Со почит,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi

**Комисија во состав:**
Нериман Целадини, претседател
Јане Шапардановски, зам. претседател
Пеце Андоноски, член
Марика Илијевска, член